**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-3002/1

Скопје 29.07.2022 г.

**Предмет: Известување за преземени активности на АВМУ во врска со Локалните избори 2022**

Почитувани,

Ве информираме дека согласно обврските од Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведува активности во врска со Локалните избори во Општина Маврово и Ростуше, Општина Центар Жупа и Општина Тетово.

На 27 јули, до сите радиодифузери испративме допис со кој ги потсетивме на нивните законски обврски за време на изборната кампања, поточно за начинот на известување за кандидатите, за обврските во однос на емитувањето платено политичко рекламирање (ППР), за забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства и сл.

На 28 јули, посебен допис беше испратен до шесте радиодифузери кои се впишани во Регистарот на ДИК за емитување ППР за избор на членови во Советот на Општина Тетово. Во него, тие беа известени за обврските околу потврдувањето на извештаите за реализирани услуги, за извештајот за искористен рекламен простор што треба да го поднесат, за тоа кои од нив ќе треба да праќаат снимки до Агенцијата и за другите поврзани обврски. Во прилог на тој допис им беа испратени трите обрасци од ДИК за платено политичко рекламирање, како и Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање од АВМУ.

Исто така, на својата веб страница, АВМУ креираше посебен дел „Локални избори 20 август 2022" во кој се објавени сите релевантни документи (легислатива, формулари, извештаи, дописи итн.).

Бидејќи овие Локални избори се одржуваат само во три општини, Агенцијата мониторингот на изборното медиумско претставување ќе го спроведува врз основа на добиени претставки, а мониторингот на ППР ќе се врши кај оние радиодифузери кои ќе го емитуваат. Поради значително намалениот обем на мониторингот за време на изборната кампања, АВМУ нема да праќа извештаи до ДИК.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

по овластување од директорот

---------------------------------------------------

м-р Драгица ЉУБЕВСКА

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED